Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-377/1 од 19.4.2024 година, поднесена од Гордана Јовановска, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

### за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-377/3
03-06-2024 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

### Образложение

На 19.4.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност, образование, религија или верско уверување, против [redacted]

Подносителката наведува дека се соочува со прекршување на нејзините човекови права и слободи од страна на сите институции на Републиката, со тоа што тврди дека нејзиниот развој бил прекинат на физичко, материјално и духовно рамниште од страна на неколку етнички заедници кои живеат на територијата на Република Северна Македонија, за што подносителката наведува дека повела постапка пред Основното јавно обвинителство.

Во претставката дополнително е наведено дека се обратила до Народниот правобранител, за што тврди дека советничката [redacted] која била назначена да го работи нејзиниот случај со умисла го одолговлекувала и при барањето на средба со нејзе, била известена дека не биле прибавени потребните документи од ОЈО и Министерството за правда, при што предметот бил затворен. Оттука, наведено е дека од страна на советничката, подносителката била упатена да поднесе нова пријава, по што истата се однесувала пристрасно, нетранспарентно и сурово го исмевала текстот на пријавата. Во продолжение на претставката подносителката исто така наведува дека сака да поведе постапка пред судските органи заради тоа што била жртва на сексуално насилство и била психички малтретирана од страна на советник народен правобранител.

Во целосниот текст на претставката, подносителката наведува настани кои претставуваат материја од областа на кривичното право, поради што при разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде во претставката за заштита од дискриминација се истакнати наводи за сторено кривично дела против половата слобода и половиот морал, при што од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување,*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја предвид содржината на претставката, Комисијата истата ја препраќа до Основното Јавно Обвинителство за понатамошно постапување по предметот.

3.6.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]